**ЗДРУЖЕНИЕ НА КОНТРОЛОРИ НА ЛЕТАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА**

ул. Босфор бр. 7 - Илинден, Скопје, Р. Северна Македонија
Тел.: +389 2 3148 256, Е-пошта: zklm.org@gmail.com

Скопје, 21.09.2023

Здружение на КОНТРОЛОРИ НА ЛЕТАЊЕ на Македонија
Бр. 09/02
29.09. 2023 год.
ИЛИНДЕН

**До**: **Членовите на УО при М-НАВ а.д. Скопје**

**Предмет: Третирање на техничка вода и создавање пристојни услови во тоалетот на кулата на АКЛ Охрид**

Почитувани,

Ви се обраќам во име на ЗКЛМ, да Ви укажам на **проблем со водата и тоалетот во кулата на АКЛ Охрид**, за кој сме информирани од членовите контролори на летање од Охрид, кои преку нивното раководство претходно веќе имаат изреагирано и кај Вас.

Имено, во неколку наврати е извршено тестирање на водата од страна на ЈЗУ Центар за јавно здравје Охрид и истата **не одговара** на Правилникот за безбедност на водата (Сл. Весник на РМ бр. 183/2018) заради отсуство на резидуален хлор и микробиолошка неисправност (присуство на бактерија E.Coli). Заклучокот од специјалистите по тестирањето е дека водата покрај тоа што не смее да се користи за пиење, не смее да се користи ни за одржување на лична хигиена сè додека истата не се третира со хлорен препарат или не се преврие 40 минути. Односно, нашите колеги од АКЛ Охрид користат небезбедна вода со активна бактерија за одржување на хигиена и за миење на садови.

Дополнително, според членовите од Охрид, во неколку наврати е побарано реновирање на тоалетот на кулата, кој не ги задоволува основните стандарди: има неисправен казан кој се полни пребавно и протекув (а често испушта недоволно вода за да исплакне после нужда), има вградено премал мијалник, а превисока и предолга чешма, па при користење на чешмата голем дел од водата завршува на подот и бојлерот не грее доволно и е застарен. Исто така, надворешните прозорци во тоалетот (како и на целата кула) преслабо изолираат.

По неколку неуспешни обиди да се издејствува одобрение за санација и реновирање на тоалетот од Ваша страна, колегите се обиделе да добијат буџет за мал проект, за да го спроведат сами, меѓутоа и тоа им било одбиено и со помош на останати вработени од АКЛ Охрид, сами го „крпеле" тоалетот во текот на летово, кога бил целосно нефункционален.

Имајќи предвид дека едниот КЛ сам го извршува секторот, горенаведеното претставува елементарно неисполнување на основни услови за работа. Ова е вознемирувачка појава во компанија како М-НАВ, а особено во Охрид, каде што колегите КЛ зависат од едниот тоалет и миењето на садови и прибор, во текот на целиот работен ден.

ул. Босфор бр. 7 - Илинден, Скопје, Р. Северна Македонија
Тел.: +389 2 3148 256, Е-пошта: zklm.org@gmail.com


Како последица на ова, може да се јават здравствени проблеми кај вработените, кои можат да се изразат на пружањето на услуги во контролата на летање.

**Апелираме во најбрз можен рок да се изнајде решение за овие проблеми.**

Техничката вода да се третира согласно решението од ЈЗУ Центар за јавно здравје. За ова предложуваме да се изнајде решение во договор со ТАВ Охрид, со кои ја делиме водата, како на пример инсталација на пумпи за хемиско дозирање, а тоалетот да се реновира, за да се создадат пристојни основни услови за функционирање на вработените КЛ во АКЛ Охрид.

Се надеваме на разбирање од Ваша страна за ова барање и брза реализација на истото, со оглед на тоа што овој проблем ги засегнува основните потреби на вработените.

Со почит,

Наташа Мијат Крстевска
Претседател на ЗКЛМ